# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXIV



# СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

Скопје, декември 2011 г.

## СОДРЖИНА


2 страна
***Новите предизвици***

3 и 4 страна
***Тркалезна маса "Конвенција на ОН за правата на лица со попреченост - Идни предизвици"***

5 страна
***Активности на локално ниво***
***Активности на меѓународно ниво***

6 и 7 страна
***Активности на Народниот правобранител***

8 страна
***Отворен ден на дневниот центар - ПОРАКА Скопје***

9 , 10 и 11 страна
***Активности на локалните организации по повод 3-ти Декември***

12 страна
***15 годишнина на ЕАСПД***

13 страна
***Конференција на Х.Е.Р.А.***

14 и 15 страна
***Активности на дневните центри и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

16 страна
***Наша страница***
***Работилница со Факултет за уметност - отсек Вајарство***



*"ПОРАКА"*
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2011 год. Број 4, год. XXIV**



Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**



**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**



***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***


# *Новите предизвици*



**Чедомир Трајковски**
*Претседател на РЦПЛИП - ПОРАКА*

***После 5 години од донесувањето на Конвенцијата од страна на Генералното собрание на ОН, и само еден месец од нејзината ратификација во Собранието на Република Македонија, РЦПЛИП – ПОРАКА почнува да разговара за нашите идни чекори и акции кои треба да ги преземеме за да не ни се случи да поминат уште пет или повеќе години за имплементација на овој за нас исклучително важен документ.***

***Фактот дека сите политички чинители во државата, како никогаш досега, дадоа безрезервна поддршка, а Собранието на Република Македонија на 5.12.2011 година едногласно го усвои Законот за ратификација на Конвенцијата, на извршните органи во државата им дава целосно одврзани раце за брза имплементација на истата.***

***Сега е време кога веќе не треба да разговараме за тоа дали некој сака и дали некој може да ги реализира одредбите од Конвенцијата. Сега е време кога треба да разговараме кој, кога и како тоа најдобро да го направи. Сега е време кога ќе мора конечно да почнеме да не се жалиме на состојбите во државата, туку веднаш да тргнеме од овде кај што сега сме, со тоа што во овој момент го имаме, да го направиме најдобро тоа што навистина можеме.***

***Конвенцијата е добра можност конечно да ги исправиме грешките направени уште при конструкцијата и поставувањето на темелите на нашата државна зграда. Обврска на државата ќе биде да ги усогласи, а на тој начин и значително подобри, основните, темелните закони кои се однесуваат на лицата со попреченост (Законот за социјална заштита, за образование, здравство, вработување и сл.).***

***Постојат два начина да бидете измамени за одредени состојби во државата: Да верувате во тоа што не е, и да не верувате во она што навистина е. Не смееме да се занимаваме само со убави зборови кога ги опишуваме состојбите на лицата со попреченост, бидејќи сите сме свесни дека најчесто таквите зборови не се вистинити, туку ќе мора да употребуваме вистински зборови кои за жал не се толку убави.***

***Ние, организациите кои ги застапуваат лицата со попреченост, должни сме секогаш јавно да ја осудуваме дури и секоја помисла дека едни луѓе на други можат да им нанесуваат било какво зло или неправда. Премолчувајќи ги ваквите состојби ние само помагаме за да можат тие во иднина почесто и посилно да се појавуваат.***

***Не смееме да дозволиме извештаите за состојбата во врска со имплементацијата на Конвенцијата, за кои согласно член 35 од Конвенцијата сме должни да ги доставуваме до Комитет при ОН, да наликуваат на Потемкините села од времето на Царска Русија, туку тие ќе мора да бидат вистински одраз и слика за се она што се случувало во тие две години, бидејќи само така ќе можеме состојбите во оваа област да ги доведеме во ред.***

***Не се виновни само тие кои нанеле некакво зло или неправда на лицата со попреченост, виновни сме и сите ние заради сите добра во животот што не сме ги направиле. Меѓутоа, никогаш, па и сега, не е доцна да се тргне по патот на еднаквоста и недискриминацијата на нееднаквите луѓе.***

***Да се усогласат желбите со можностите, тоа претставува темел на секоја човечка среќа. Да направиме се, за да можат и лицата со попреченост да ја почувствуваат среќата за која сите ние копнееме.***

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Тркалезна маса “Конвенција на ОН за правата на лица со попреченост - ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ”

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, со поддршка од Националниот демократски институт, на 15.12.2011 година во х. Холидеј Ин – Скопје, организираше тркалезна маса под наслов **“Конвенција на ОН за правата на лицата со попреченост - идни предизвици”.**

Тркалезната маса се организираше со цел да се дискутираат предизвиците за ефективно имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и да се посочат новите перспективи за остварување на човековите права на лицата со попреченост, кои претстојат пред релевантните чинители во нашата држава. Воедно, тркалезната маса претставуваше завршен настан на програмата “Правата да станат реалност – 100 дена за ратифкација”, која РЦПЛИП – ПОРАКА ја спроведуваше во соработка со Националниот демократски институт. Модератор на Тркалезната маса беше д-р Василка Димоска, Програмски менаџер во РЦПЛИП – ПОРАКА, а истата ја отвориja г-дин Чедомир Трајковски, претседател на РЦПЛИП – ПОРАКА и г-дин Крис Хеншоу, Директор на Националниот демократски институт. Во тематскиот дел насочен кон предизвиците при имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост од аспект на извршната и законодавната власт, прв говореше Министерот за труд и социјална политика, г-дин Спиро Ристовски. Потоа свое излагање имаше г-ѓа Цветанка Иванова, претседател на Собраниската комисија за труд и социјална политика, г-ѓа Невенка Крушаровска, Заменик Народен Правобранител, Одделение за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби. Свое обраќање имаше и г-дин Бранимир Јовановски, претседател на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност и г-ѓа Лилјана Поповска, претседател на Собраниската комисија за еднакви можности на жените и мажите. Вториот тематски дел од тркалезната маса беше посветен на механизмите за ефективна имплементација



на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во кој говореа г-ѓа Силва Пешиќ, Советник за човекови права при Канцеларијата на Постојаниот координатор на Обединетите нации во Македонија и г-дин Звонко Шаврески, претседател на Полио Плус.

На тркалезната маса учествуваа: претставници на Националниот совет на инвалидски организации, Национално координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност, претставници на владини институции и локалната самоуправа, како и граѓански организации, лица со попреченост и нивни родители.

**Учесниците на тркалезната маса ја поздравија неодамнешната ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и нејзиниот Факултативен протокол од страна на Собранието на Република Македонија и истакнаа дека со тоа државата ја потврдува социјално-развојната определеност во креирањето на политиката и градење на демократско општество со еднакви права и можности за своите граѓани. Лицата со попреченост и нивните семејства очекуваат Конвенцијата да предизвика итни заложби од страна на државата за унапредување на законските можности и нивно практикување во секојдневниот живот, во сите области кои ги опфаќа Конвенцијата.**

## Обраќање на г-дин Спиро Ристовски, Министер за труд и социјална политика



**Спиро Ристовски**
*Министер за труд и социјална политика*

Почитувани присутни, дами и господа,

Човековите права претставуваат огледало на внатрешниот напредок на едно општество и прашање на кое постоечките системи полагаат испит на зрелост. А човековите права од аспект на лицата со инвалидност се сегашни и идни предизвици на секоја држава потписничка на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Иако на лицата со попреченост им припаѓаат сите права загарантирани со универзалните документи за правата на човекот овие лица се до донесувањето на Конвенцијата се среќавале со голем број на препреки, предрасуди, маргинализација, дискриминација. Овие лица останувале “невидливи граѓани” во општеството.

Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност којашто од страна на Генералното Собрание на ОН е усвоена на 13 Декември 2006 година, и истата ја потпишаа 144 држави, Република Македонија, на 5.12.2011 година, како 107 земја членка на ОН ја ратификуваше заедно со Факултативниот Протокол.

Бидејќи целта на Конвенцијата е да промовира, штити и да осигура целосно и еднакво уживање на сите човекови права наш предизвик како држава треба да биде гарантирањето на рамноправноста и недискриминацијата на лицата со попреченост кои што живеат заедно со нас.

продолжува →

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

Во периодот што ќе следи, Министерството за труд и социјална политика во соработка со репрезентативните организации на лицата со попреченост и со поддршка на Програмата на ОН за развој во РМ, ќе спроведе системската анализа на сите домашни прописи, со цел идентификација на областите кои што не се во согласност со одредбите на Конвенцијата, како што обврзува и член 4.

Не случајно велам, ќе ја спроведе, затоа што колку за илустрација, одредбите од Конвенцијата на ОН кои што се однесуваат на недискриминацијата и сигурен пристап на лицата со попреченост до јавните услуги и обезбедување на пристапност до информации, веќе се инкорпорирани во одредбите на член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со него се дефинира што се подразбира под дискриминација на лица со ментална и телесна попреченост како што се: намерното оневозможување или отежнат пристап до здравствена заштита односно скратување на правата од здравствена заштита, редовен медицински третман и лекови, рехабилитациони средства и мерки во согласност со нивните потреби, скратување на правото на брак и создавање на семејство, скратување на правото на образование, на работа и правата од работниот однос. Дискриминација на лица со ментална и телесна попреченост постои и тогаш кога нема да се преземат мерки за отстранување на ограничувањата, односно прилагодување на инфраструктурата и просторот, користење на јавно достапни ресурси, или учество во јавниот и општествениот живот.

Понатаму, материјата која што се однесува на почитување на стандардите за пристапност, е прецизирана во Законот за градење односно во Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите, со кој се пропишува начинот на обезбедување на непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност и смалена подвижност до и во градбите за јавна, деловна, станбена и станбено-деловна намена.

Законот за радиодифузна дејност со член 121 предвидува обврска на МРТ да развива, планира и емитува програми, информативни емисии и вести наменети за глуви лица, коишто ќе бидат преведувани на знаковен јазик. Имплементација на овој член започна со воспоставувањето на Дневник за глуви и наглуви лица кој што започна да се емитува на МРТ од 12.11.2011 година и со кој што околу 6000 глуви и наглуви лица навремено и целосно ги добиваат потребните информации на нивниот препознатлив знаковен јазик, што претставува еден почеток кон воведување и на други емисии од образовен, културен и информативно-политички карактер приспособени исто така на знаковниот јазик, како што е дебатната емисија "Од наш агол" која што следниот ден на 13.11.2011 година започна да се емитува на МРТ.

Владата на Република Македонија ја донесе Ревидираната Национална Стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 година, чија што основна цел е унапредување на правата на лицата со инвалидност до позиција на рамноправни граѓани со сите права и одговорности.

Стратегијата дефинира 6 општи цели како што е (1) Мултиресорскиот пристап за изнаоѓање на соодветни решенија за подобрување на човековите права, достапноста и вклучување на лицата со инвалидност; (2) Развивање на ефикасна правна заштита, преку развивање и спроведување на планови за превенција и спречување на дискриминација врз инвалидните лица; (3) Достапност на услуги како што се социјалните, здравствените и други услуги кои што се базирани на правата и потребите за корисниците; (4) Развивање на политики, мерки и применети програми, посебно во полето на образованието, вработувањето, домувањето, кои на лицата со инвалидност ќе им дадат еднакви можности и ќе ги поттикнат на самостојност, личен развој и активен живот во сите области; (5) Достапност на лицата со инвалидност во севкупното општествено опкружување преку развој и спроведување на план за отстранување на бариерите и изградба на пристапни објекти и услуги и (6) Обезбедување на стандарди за квалитетен живот и социјална сигурност.

Во рамки на понатамошно усогласување на прописите на Република Македонија со одредбите на Конвенцијата, а кои што би биле во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, ќе се фокусираме на членовите 6 и 7 од Конвенцијата кои што се занимаваат со заштита на правата на жените и децата со попреченост, членот 19 кој што го уредува правото на самостоен живот и вклучување во заедницата со цел на лицата со попреченост да им се овозможат повеќе опции на избор, член 20 кој што го уредува правото на лична мобилност и асистенција, членот 26 кој што ја уредува рехабилитацијата, а опфаќа широка низа на акции во областите на вработувањето и социјалните услуги со цел потполна интеграција на овие лица во нивните локални заедници, членот 27 од Конвенцијата кој што се однесува на работата и вработувањето на лицата со попреченост, за што ќе биде потребно преземање на широк спектар на мерки во комбинација со заштита од дискриминација во сите фази на вработување на лицата со попреченост и член 28 од Конвенцијата кој што се однесува на обезбедување на приспособени услови за живот и социјална заштита на лицата со попреченост кои што се важни за социјалното вклучување на овие лица и нивните семејства во севкупните општествени текови.

Со еден збор, само со доследна примена на прописите и стратешките документи кои што ги уредуваат правата на лицата со попреченост во различни области, ќе одговориме на предизвиците кои што ќе следат при имплементирањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на ОН, со цел создавање на можности за потполно учество на лицата со попреченост во сите области на општественото живеење во Република Македонија, а тоа ќе биде заедничка обврска на сите нас, без разлика дали ја претставуваме законодавната или извршната власт.

Почитувани,

Идните предизвици како што слушнавте се многу. Но, оваа Влада ниту досега се плашела од предизвиците ниту пак ќе се плаши. Напротив предизвиците се нешто кое што ни дава елан и желба да истраеме во напорите за подобро утре на секој член на семејството Република Македонија!

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА на локално ниво

# Работни состаноци за стратешко планирање на развојот на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

Една од континуираните програмски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА од нејзиното формирање е координација и пружање стручно-методолошка поддршка на локалните организации. Ваквиот вид на поддршка се организира на барање на самите локални организации, или пак, кога РЦПЛИП – ПОРАКА ќе увиди дека има потреба од поддршка на некоја локална организација или за сите заедно, но и секогаш кога се јавуваат новини и трендови во методите за работа.

Токму во овој период повторно се согледа потреба од пружање стручно-методолошка поддршка на локалните организации во насока на интензивирање на стратешкото планирање на локалните организации. За таа цел, тимот на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во изминатитот период реализираше поединечни работни состаноци во секоја локална организација. На овие работни состаноци се разгледуваа преземените активности и постигнатите резултати на локалните организации во изминатите години. Посебно внимание се обрна на планираните програмски активности за 2012 година и на развојните можности во периодот 2012 – 2015 година.

Секој од одржаните состаноци имаше различен тек на дискусиите, бидејќи секоја локална организација се соочува со различни проблеми и потешкотии. Секоја општина има на располагање различни можности и ресурси за решавање и надминување состојбите. Согласно на тоа, секоја локална организација поставуваше сопствени приоритети за кои потоа ќе се спроведуваат активности за нивно остварување.

На работните состаноци учествуваа членовите на Собранието на секоја локална организација, вклучените лица во работата на организацијата и претставници на локалните власти и инситутции. Работните состаноци беа искористени за разрешување на прашања кои произлегуват од статутарната поставеност на односите, правата и обврските на РЦПЛИП – ПОРАКА и на локалните организации, вклучувајќи ги и сервисните служби. Исто така, овие состаноци се искористија за одговори на родителите кои се интересираа за правата од социјална заштита, образование, здравство, вработување и др.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА на меѓународно ниво

# Учество на Работен форум и на Конференција организирани од Европска комисија

На покана од Европската комисија, Генерален директорат за правда, претставници на РЦПЛИП - ПОРАКА учествуваа на вториот Работен форум за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, во периодот 26-27 октомври 2011 година во Брисел, Белгија. Целта на овој работен форум беше да се разменат искуства и добри практики во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ОН, особено во однос на членот 33 кој се однесува на рамката и механизмите за промовирање,заштита и следење на спроведувањето на Конвенцијата. Фокусот на дискусиите беше насочен како да се координира имплементацијата на Конвенцијата на ОН на национално и европско ниво. Исто така, се разгледуваа различните апсекти и искуства на подготвување на извештај и координација со невладиниот сектор во целиот процес.

Исто така, на покана од Европската Комисија претставници на РЦПЛИП - ПОРАКА учествуваа на конференцијата по повод 3-ти Декември - Европски ден на лица со попреченост “Европски излез од кризата: перспектива на правата на лица со попреченост” која се одржа на 2 декември 2011 година во Брисел, Белгија.

Конференцијата беше организирана од страна на Европската комисија во соработка со ЕДФ (European Disability Forum), како дел од процесот на вклучување на правата на лица со попреченост во секојдневните текови, а во рамки на ЕУ стратегијата 2010-2020 г.

Економската криза продолжува да го отежнува животот на граѓаните, особено на лицата со попреченост



кои се најранлива група, засегната од мерките за штедење усвоени од државите членки на ЕУ. Затоа, целта на конференцијата беше да се истражат начини за излез од кризата од аспект на остварување на правата на лица со попреченост. Презентациите и дискусиите на конференцијата беа во насока на:

- дефинирање на ставот на ЕУ од аспект на економската и финансиска криза и нејзино влијание во можноста за остварување на правата за лица со попреченост
- наоѓање начин како преку политиката на ЕУ и инструментите на финансирање може да се креираат подобри можности и ефективни начини за имплементација на Конвенцијата на ОН, истовремено наоѓајќи начин да се надмине економската криза.
- Модели на добра политика во практика, практични примери и наоѓање решение на одредени проблеми.

## Активности на Народниот правобранител на Република Македонија

# Заклучоци и препораки од тркалезната маса „Во која мера децата со посебни потреби ги остваруваат нивните права во Република Македонија?"

Во рамките на Твининг проектот за поддршка на македонскиот омбудсман финансиран од претпристапните фондови на Европската унија (ИПА), во кој партнери се: шпанскиот Национален омбудсман и Медијаторот на Франција, а чија цел е промоција на новоотворените одделенија меѓу кои и Одделението за заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби, Народниот правобранител на 28-ми октомври во Инфоцентарот на Европската унија во Скопје, одржа тркалезна маса на тема: „Во која мера децата со посебни потреби ги остваруваат нивните права во Република Македонија?"



**Невенка Крушаровска**
*Заменик Народен правобранител*

На Тркалезната маса учествуваа претставници од Народниот правобранител, како и од твининг партнерите: Омбудсманот на Кралството Шпанија и Медијаторот на Република Франција. Како излагачи и учесници беа претставници од: Министерството за образование и наука - Сектор за основно и средно образование, Министерството за здравство - Национален интерсекторски комитет за унапредување на здравјето на децата со пречки во развојот, Министерството за труд и социјална политика, Заводот за ментално здравје, Заводот за социјални дејности, претставници од основни и средни училишта за деца со посебни потреби, како и претставници од невладини организации кои работат со лица со посебни потреби.

Особено внимание беше посветено на неколку прашања што се однесуваат на децата со посебни потреби, односно на правата од областа на: образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, инклузијата и пристапот до добра и услуги.

Од излагањата, работата во групи и дискусиите произлегоа следниве заклучоци:

- Отсуствува статистичка евиденција за лицата со посебни потреби;
- Нецелосно е решен проблемот со архитектонските бариери за лицата со посебни потреби односно отсуствуваат не само екстериерните туку и ентериерните услови за непречен пристап на овие лица до објектите, установите и организациите;
- Иако со закон децата со посебни потреби се ослободени од учество (партиципација) за користење на здравствени услуги, во практиката одредени здравствени услуги како наод или медицинска белешка се наплаќаат;
- Не е унифицирана работата на установите кои издаваат наод за категоризација на лицата поради што услугите различно се наплаќаат;
- Постои неприфаќање на децата со посебни потреби од другите деца, но и од родителите и дел од наставниците во редовното образование;
- И покрај превентивните функционални мрежи се уште нема пренатални и неонатални скрининг методи за рано откривање на пречките во развојот;
- Стручниот кадар во установите кои работат со оваа категорија на деца сеуште има потреба од дополнителна едукација и соодветно техничко опремување.

Во прилог на овие заклучоци, присутните учесници на Тркалезната маса дадоа свој придонес и во давање на препораки за почитување и остварување на правата на децата со посебни потреби кои се доставени пред релевантните фактори и донесувачи на одлуки. Во таа смисла, се препорачува:

- Подигање на свеста за создавање на еднакви можности за партиципација на лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење и надминување на предрасудите;





## Активности на Народниот правобранител на Република Македонија

- Зајакнување на капацитетите на лицата со посебни потреби за развој на нивните можности и максимални способности за економската безбедност, пристоен животен стандард, заштита од експлоатција, искористување и недостоинствено постапување;
- Наоѓање методи и начини за воспоставување редовна соработка на училиштата со родителите на децата со посебни потреби заради подобрување на резултатите во образованието, редовно следење на наставата и завршување на образованието;
- Едукација и оспособување на родителите за работа со децата со посебни потреби;
- Воспоставување на редовна соработка со Центрите за социјална работа и со училиштата заради преземање на мерки за заштита и остварување на правата на децата со посебни потреби;
- Со соодветен акт утврдување на органи и институции овластени да издаваат наод и мислење за попреченоста на децата со цел надминување на евентуалните аномалии и спречување на какви било злоупотреби во издавање на наодот и мислењето за степенот на пречките во развојот на децата;
- Предвидување на можност за формирање на комисија за разгледување на издадените првостепени наоди во повисока инстанца;
- Обезбедување на поддршка преку нормативни и практични услови и предуслови за вработување на лицата со посебни потреби;
- Обезбедување на социјална сигурност на лицата кои не се способни за работа и на лицата кои имаат потреба од соодветно доосспособување за вршење на одредени работи како и на оние кои се делумно способни за работа, а немаат можност за вработување;
- Развивање на придружни служби, технички помагала и создавање на услови за независно живеење на децата со посебни потреби , формирање повеќе мобилни тимови
- Достапна физичка околина со соодветни урбанистички и архитектонски решенија до сите институции каде децата имаат потреба од помош и заштита;
- Организирање на советувалишта и служби за обука на лицата со посебни потреби и на членовите на нивните семејства со цел создавање на услови лицата со посебни потреби да останат да живеат во нивните семејства или да формираат свои семејства;
- Обезбедување на услови за вклучување и учество во културни, спортски и рекреативни активности на децата со посебни потреби;
- Вклучување и активно учество на лицата и децата со посебни потреби во креирањето на националните политики, планови и стратегии за сите прашања и одлуки што се однесуваат на нив;
- Мониторинг над спроведувањето на националните програми и оцена на реализацијата и ефикасноста на мерките;
- Соодветна обука на персоналот заради рано откривање на пречките во развојот и натамошно постапување во поглед на рехабилитацијата и користење на сите права во обезбедувањето на посебна заштита на лицата со посебни потреби;
- Формирање на мултидисциплинарен центар како едношалтерски со цел да можат на едно место да добиваат одговор на сите прашања;
- Реална имплементација на регулативата во практика особено ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп и донесување на сеопфатен закон.

### Други активности

Заради унапредување и промоција на правата на лицата со посебни потреби е фомирана посебна интерпартиска парламентарна лоби група која ја сочинуваат пратеници од сите политички партии што учествуваат во Парламентот независно дали се од позицијата или опозицијата Во оваа интерпарламентарна група партиципираат и претставници од различни области на општественииот живот.

Со поддршка на меѓународни организации, заради промоција и потребата од заштита на правата на лицата со посебни потреби и на други лица кои на различни начини се дискрминирани во Република Македонија, од страна на Народниот правобранител се подготви посебна театарска претстава која беше прикажувана пред релевантните органи и организации. По интервенција на Народниот правобранител, претставата е ставена и на редовниот репертоар на театрите во Република Македонија. За оваа претстава Народниот право-бранител беше награден по повод манифестацијата одржана во име на денот на лицата со посебни потреби.





## По повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

# Отворен ден на дневниот центар – ПОРАКА Скопје

Во рамките на својата програма за одбележување на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, РЦПЛИП – ПОРАКА во соработка со ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје организираше Отворен ден на дневниот центар за лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во Скопје. Отворениот ден се одржа на 5.12.2011 година со почеток од 10:00 часот. Отворениот ден се организираше со цел да се подигне степенот на познавање и разбирање на потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и да се зголеми свеста за позитивните придобивки од нивното вклучување во секојдневниот живот на заедницата. Во текот на отворениот ден се презентираа активностите на дневниот центар – ПОРАКА Скопје, а присутните имаа можност да се дружат со корисниците на дневниот центар.



Во рамките на Отворениот ден, а по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, РЦПЛИП – ПОРАКА врачи признанија за поддршката на поединци, институции и организации кои во текот на 2011 година дале свој придонес за остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија. РЦПЛИП – ПОРАКА врачи Благодарници на:

- **Н.Е. г-дин Никола Димитров, Амбасадор на Република Македонија во Кралството Холандија** како израз на признание за личната иницијатива за поддршка на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА за лица со интелектуална попреченост во 2011 година;
- **Амбасада на Република Македонија во Кралството Холандија,** како израз на признание за поддршката на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА за лица со интелектуална попреченост во 2011 година;
- **Националниот Демократски Институт** како израз на признание за континуираната поддршка на програмските активности на РЦПЛИП – ПОРАКА за унапредување на законските можности за лицата со интелектуална попреченост во 2011 година;
- **Фондацијата Отворено Општество Македонија** како израз на признание за континуираната поддршка на програмските активности на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА за лица со интелектуална попреченост во 2011 година;
- **Асоцијација за здравствена едукација и истражување "Х.Е.Р.А."** како израз на признание за соработката и поддршката во реализација на програмските активности на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА за лица со интелектуална попреченост во 2011 година;
- **ИНКЛУЗИЈА ИРСКА – Национална организација на семејства на лица со интелектуална попреченост во Ирска,** како израз на признание за поддршката на реновирањето на просториите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш;
- **Џон О'Горман** од Ирска, како израз на признание за личната заложба и поддршката на реновирањето на просториите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш
- **Бил Шортен** од Ирска, како израз на признание за личната заложба и поддршката на реновирањето на просториите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш.

Во продолжение, ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје исто така врачи благодарници на своите поддржувачи и соработници кои во текот на 2011 година се вклучија во поддршката на програмските активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје.





# Активности на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост

ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар организираше низа активности за одбележувањето на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Во периодот од 15 октомври до 15 ноември беше отворен конкурс за ликовни и литературни творби на кој учество зедоа ученици од основното и средното образование на тема: "Правата да станат реалност." На 2-ри декември, под покровителство на Градоначалникот на Општина Демир Хисар, г-дин Тони Ангелевски, се одржа свечена академија под мотото "Заедно за подобар свет за сите – вклучување на лицата со попреченост во сите сфери на живеењето." Пред присутните беше прикажан краток филм под наслов "Обид за движење" подготвен од Киро Ангелевски – Стерја, родител на дете со попреченост. Во рамките на свеченоста беа прогласени и најдобрите литературни и ликовни творби од распишаниот конкурс. За време на академијата се доделија признанија за дадениот придонес во остварувањето на човековите права на лицата со интелектуална попреченост. Исто така, ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар подготви и издаде алманах со литературни творби на повеќе теми по распишани конкурси во времето од 2007 – 2010 година.


ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар

ЦПЛИП – ПОРАКА Битола, по повод Меѓународниот ден на лицата со попреченост, на 30.11.2011 одржа работна трибина на која повторно ги актуелизираа потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост и нивното вклучување во сите сфери на живеењето. Друга активност што ја спроведоа е ликовна работилница со учениците од посебните паралелки при ОУ "Ѓорѓи Сугарев". На 2-ри декември се организираше свечена приредба на која се доделија наградите на учениците од основните училишта кои учествуваа на ликовниот и литературниот конкурс. Учениците од посебните паралелки ги почестија присутните со интерсни точки.


ЦПЛИП – ПОРАКА Битола

ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица одбележувањето на 3 Декември го започна со акција за чистење на дел од Градскиот парк која ја спроведоа на 1-ви декември заедно со еколошкото друштво Планетум. Потоа беа во посета на детската градинка "Мајски цвет" каде поставија куќички за птици изработени од членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица. На 2-ри декември се организираше средба помеѓу градоначалникот на Општина Струмица и претставници на невладини организации, на која тој повторно ја истакна подготвеноста на општината за соработка со граѓанските организации.


ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица

ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица, по повод 3-ти Декември организираше средба во просториите на локалната самоуправа. На средбата присуствуваа Градоначалникот на Општината, лица со попреченост и нивните родители. Оваа средба беше проследена и со доделување на подароци од страна на Градоначалникот, но и од претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица, која средствата за подароците ги издвои од донацијата од организацијата "Етно вешта жена". На 5-ти декември, ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица организираше коктел по повод формирањето на здружението и отворањето на канцеларијата која се наоѓа во просториите на локалната самоуправа. На коктелот присуствуваа претставници од институциите во градот, други организации, Градоначалникот на општината и други заинтересирани лица. Свеченото отворање беше

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА


ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица

проследено со сечење на црвена лента, а приемот продолжи во салата на Општината со кратки обраќања од Градоначалникот, г-дин Дарко Митевски и од претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица, г-ца Маја Илиевска. За време на приемот се емитуваше и документарниот филм "Авантурите на Сара" кој е дел од кампањите кои ги води РЦПЛИП – ПОРАКА со своите локални организации. Средствата за коктелот беа обезбедени од донацијата од "Етно вешта жена".


ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица

ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш и оваа година со низа на активности го одбележа 3 Декември. На 1-ви декември корисниците на дневниот центар ПОРАКА Радовиш ја посетија детската градинка "Ацо Караманов" каде тие се запознаа со начинот на функционирање на оваа установа. На 2-ри декември во просториите на Градската Библиотека "Браќа Миладиновци" се одржа свечено одбележување со присуство на сите значајни чинители во општината. Во рамките на овој ден се прикажа документарниот филм за дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА со цел да се промовираат сервисните служби за дневно опфаќање на лицата со интелектуална попреченост. Во текот на овој настан се доделија благодарници на институции и поединци кои го дале својот придонес за адаптирање и реконструирање на објектот за дневен центар на ПОРАКА Радовиш. Во просториите на градската библиотека се постави ликовна изложба и декоративни сувенири која беше со продажен карактер, а собраните средства се наменети за адаптација и реновирање на објектот за дневниот центар на ПОРАКА Радовиш.


ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш

ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје, во рамките на програмата за одбележување на 3-ти Декември реализираше различни активности. На 5-ти декември се одржа Отворен ден на дневниот центар ПОРАКА Скопје на кој присуствуваа голем дел од соработниците и поддржувачите на дневниот центар. Во рамките на Отворениот ден, РЦПЛИП – ПОРАКА и ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје доделија благодарници на институции и поединци како израз на благодарност за поддршката во нивната работа. Во периодот од 28-ми ноември до 9-ти декември во просториите на Општина Аеродром беше поставена изложба од корисниците на дневниот центар. Се реализираа работилници и часови со предавања на тема "Што е интелектуална попреченост?" со учениците од ОУ "Љубен Лапе" и ОУ "Браќа Миладиновци". На 1-ви декември беа спроведени заеднички активности со Црвен Крст на Град Скопје во облик на музичка работилница и посета на спасителната станица на планината Водно. Се организираше и изложба со изработки од корисниците на дневниот центар ПОРАКА Скопје и заедничка работилница со студенти од Факултетот за уметност што се спроведе на 7-ми декември.


ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје

ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија, по повод 3-ти декември организираше работен состанок во Домот на Заедницата на инвалидски организации на кој се разговараше околу прашања кои ги засегаат лицата со попреченост и нивните семејства. Исто така, учениците од основните училишта беа запознаени со значењето на

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 3-ти декември се пренесуваше емисија преку локалниот медиум на која се говореше за лицата со попреченост, нивните права и потреби.


ЦПЛИП – ПОРАКА Штип

Оваа година членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип по повод 3-ти декември беа во посета на ДСУ“Искра” на 02.12., каде ЦПЛИП – ПОРАКА Штип доби благодарница за долгогодишната и успешна соработка, а на членовите им беа доделени скромни подароци. На 3-ти Декември, во просториите на Заедницата на инвалидски организации, беше организиран квиз натпревар по општо познавање, игри без граници (врзување врвки, лупење јаболко, лупење компир). На членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип им беа поделени подароци од општината и од АД Баргала (маички со логото на ПОРАКА и патики).

ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово на 2-ри декември спроведе неколку активности. Во основните училишта “А.С.Ќиќиш“ и “Лирија” учениците беа информирани за значењето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Учениците од “А.С.Ќиќиш“ организираа и приредба за учениците од посебните паралелки и нивните родители. Двајца претставници на Управниот одбор на ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово беа на средба со Шефот на кабинетот на Градоначалникот на општината, на која се разговараше за проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост, а пак г-дин Алајдини зеде обврска да се заложи за продолжување на имплементација на локалниот акционен план за период 2012 – 2015 година.

Оваа година ЦПЛИП – ПОРАКА Виница, по повод 3-ти Декември, во тесна соработка со Музеј “ТЕРАКОТА” реализираше проект “Детска керамичка работилница” кој имаше за цел подигнување на јавната свест и истиот беше финансиран од Министерството за култура. Работилниците се одржаа во просториите на дневниот центар, а учествуваа ученици од посебната паралелка при ЦОУ “Кочо Рацин” од с.Блатец, корисниците на дневниот центар, ученици од ОУ “Славчо Стојменски” и од ОУ “Гоце Делчев”. На 7.12. во просториите на локалната самоуправа се реализираше продажна изложба, а собраните средства се донираа во дневниот центар во Виница. ЦПЛИП – ПОРАКА Виница врачи благодарници на институции и поединци кои во изминатиот период ја помагале работата на оваа организација.


ЦПЛИП – ПОРАКА Виница

ЦПЛИП - ПОРАКА Кавадарци на 1-ви декември реализираше посета кај градоначалникот на која повторно се актуелизираа потребите на лицата со интелектуална попреченост во оваа општина, меѓу кои и отворање на дневен центар за возрасни лица. Се спроведе и посета на црквата Свети Димитрија каде група лица со интелектуална попреченост се запозна со функционирањето на овој верски објект. На 6.12. беше организирано предавање од страна на претставник од Центарот за социјална работа на тема злоупотреба и насилство врз лицата со интелектуална попреченост. Исто така се оствариja и контакти со институциите на локално ниво со цел нивно активно учество во областите од нивното делување, а ќе носат подобрување на животот на лицата со интелектуална попреченост на општинско ниво.

По повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, ЦПЛИП – ПОРАКА Велес во соработка со ПОУ “Маца Овчарова” организираше културно забавна активност во локалната игротека “Виножито” на која учествуваа деца со интелектуална попреченост. Се реализираше и работилница на тема 3-ти Декември, каде што беа вклучени родителите со нивните деца, а изработуваа најразлични експонати кои потоа беа изложени во просториите на ПОУ “Маца Овчарова”. Изложбата беше поставена на 1-ви декември, а ја посетија основни училишта од целата Република и Градоначалникот на Општина Велес. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Велес беа вклучени во изведба на програмата со наслов “Здрава храна” што се изведе пред посетителите тој ден.


ЦПЛИП – ПОРАКА Велес

## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# ЕАСПД ја прослави својата 15 годишнина во Европскиот парламент

Со цел да ја прослави својата 15 годишнина, Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост ги покани сите свои членови и пријатели на 9-ти Ноември 2011 година во Европскиот парламент. Настанот го водеше Dieter Koch, член на Европскиот парламент, со поддршка на други европски парламентарци и со специјални гости како Комесарот László Andor, Yannis Vardakastanis (претседател на Европскиот форум за попреченост), Brigitte Grouwels (член на Владата на регионот Брисел, одговорна за прашањата поврзани со попреченост), Johan Ten Geuzendam (Шеф на Одделението за права на лицата со попреченост, Европска комисија) и Thorsten Afflerbach (Шеф на Одделот за Интеграција на лица со попреченост, Совет на Европа). Церемонијата се отвори со видео пораки од Herman Van Rompuy, Претседател на Европскиот совет и Viviane Reding, Заменик-претседател на Европската комисија и ЕУ Комесар.

Од 1996 година до денес, ЕАСПД обединува 10.000 обезбедувачи на сервисни служби од цела Европа и пошироко: 15 години на значајни постигнувања и успешни активности.

Luk Zelderloo, генерален секретар на ЕАСПД и еден од основоположниците, за време на настанот рече: “Заедно со претставниците на лицата со попреченост, а инспирирани од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, се надеваме дека ќе придонесеме за развојот на попристапна, социјална и грижлива Европа која ги почитува и оспособува лицата кои имаат потреба од тоа. Нашиот главен предизвик е да се донесе поддршката за лицата колку што е можно повеќе наместо да се покренуваат лицата до поддршката. Поради тоа, ние ќе градиме нови врски со редовните сервисни служби. Оние чинители, како на пример училишта, работодавачи, општини итн., ќе станат наши нови индиректни клиенти, во прилог на лицата со попреченост. Ќе ги искористиме нашето искуство и вештини за да им помогнеме да ги поддржат лицата и на соодветен начин да изградат инклузивни заедници и зајакнати сервисни служби.”




Во текот на овие години, ЕАСПД настојуваше да ги застапува и да се бори за потребите на секторот на сите нивоа, да ги информира своите членови во однос на европските и меѓународните развитоци во политиките, како и да ги поддржи во иновациите во нивните сервисни служби за бенефит на лицата со попреченост. Сепак, брзите развитоци во технологијата, демографските промени, новите потреби и желби на лицата кои искусуваат попреченост веќе имаат силно влијание врз нашата секојдневна работа и тие се повеќе ќе влијаат врз нашите структури и методи.

Franz Wolfmayr, претседател на ЕАСПД цврсто изрази: “Денес, врз основа на нашите искуства и заложби, обезбедувачите на сервисни служби ја имаат обврската да бидат во првите редови на иновациите со цел да се обликува иднината, наместо пасивно да се сносат последиците од крупните општествени промени. Придружете ни се во изградбата на сервисните служби на утрешнината за лицата од денешнината. Сакаме да ја искористиме оваа прослава како лост за подобар квалитет на живеење во Европа која ја вреднува различноста!”.





## Активности на Х.Е.Р.А. во партнерство со РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одржана Конференција „Искуства и предизвици во работата со лица со попреченост и сексуалност”

Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување Х.Е.Р.А. во рамките на Проектот “Сексуално репродуктивно здравје и права на лица со попреченост”, заедно со Деканот на Филозофски факултет, на 2 ноември 2011, организираа Конференција на тема “Искуства и предизвици во работатата со лица со попреченост и сексуалност”.

За прв пат во Македонија, Филозофскиот факултет-Скопје и Асоцијацијата за здравствена едукација и истражувања -Х.Е.Р.А јавно и од научен аспект ја дискутираа темата сексуалност за лицата со попреченост.

Извршниот директор на Х.Е.Р.А., Бојан Јовановски се заблагодари на Филозофскиот факултет кој што е дел од оваа Конференција и на Градот Скопје кој во последните 2 години ја поддржува оваа програма на Х.Е.Р.А. Исто така ја истакна соработката и партнерството со РЦЛИП - ПОРАКА, без кои овој Проект немаше да има ваква успешност.

Во последните неколку години Х.Е.Р.А. се залага за сексуално образование во училиштата. Предизвиците се многу големи кога зборуваме за сексуално образование на младите, а особено кога се работи за лицата со попреченост тие се уште поголеми. Беше истакната мисијата која не е само запознавање со сексуалноста и сексуалните права на лицата со попреченост туку и уживање во сексуалноста.

Свој поздравен говор имаше и Елеонора Николовска претставник од Град Скопје-одделение за социјална, детска и здравствена заштита. Таа ги истакна приоритетите од програмата на Градот Скопје кои се зацртани во делот на социјална и здравствена заштита и тоа: остварување на социјална заштита на лицата со посебни потреби, еднакви можности, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности како и општествено вклучување и социјални услуги. Град Скопје дава поддршка и на Х.Е.Р.А. и ова е проект кој финансиски е поддржан од Град Скопје и ИППФ, каде ХЕРА е полноправна членка веќе 2 години. Помеѓу другото истакна дека повеќе години наназад имаат одлична соработка со РЦПЛИП - ПОРАКА и она што понатаму ќе го вреднуваат е директна работа со корисниците, отварање на теми кои ги засегаат, кои претставуваат остварување на личните права.

На Конференцијата свои излагања имаа: Мила Царовска, Програмски координатор на Програма Пристап-Х.Е.Р.А., која ја претстави Политиката за сексуалност и лица со попреченост.

Следното предавање се однесуваше на тема Сексуално однесување, полово воспитание и превенција од сексуална злоупотреба кај лицата со инвалидност, кое го претстави м-р Оливера Рашиќ.

Свое излагање имаше и д-р Зоран Киткањ кој зборуваше на тема Сексуална злоупотреба, проблеми во практиката.



Проф. д-р Владимир Трајковски, Претседател на Македонското здружение за аутизам, презентираше резултати од САД за сексуално преносливи болести кај лицата со инвалидност.

Владо Крстовски од РЦПЛИП - ПОРАКА, зборуваше за улогата на НВО во унапредување на состојбата на лицата со попреченост во Македонија. Како граѓански сектор, РЦЛИП - ПОРАКА учествуваат во имплементацијата и се вклучени во мониторингот на проектот Сексуалност, сексуално и репродуктивно здравје и лица со попреченост.

На крајот од Конференцијата свое искуство пренесоа и Дневните центри од Гостивар, Штип и Скопје од работата на овој Проект, а по секоја презентација следуваше дискусија.

Акциони планови се спроведуваа во: државните дневни центри во Кавадарци, Дебар, Штип, Гостивар, дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје, Охрид и Радовиш, дневен центар Порака Наша во Куманово, Основното училиште Др. Златан Сремец, Средното училиште Св Наум Охридски и Специјалниот завод - Демир Капија. Сите имаа изготвено и спроведуваа Акциони планови според потребите кои ги имааа корисниците и учениците на овие институции/организации. На 1 ноември, ден пред Конференцијата, се одржа Работилница за размена на искуства помеѓу сите нив. Се прикажа одлична соработка и одлични резултати, а се дискутираше и за идните предизвици. Овој проект продолжува и во 2012 година, повторно финансиски поддржан од ИППФ и Град Скопје.

Во месец ноември како дел од проектот “Сексуално репродуктивно здравје и права на лица со попреченост”, Х.Е.Р.А. организираше и студиска посета во Белфаст. Тимот беше со претставници од невладин сектор, претставник од Министерство за труд и социјална политика, Деканот на Филозофски факултет и родител на лице со попреченост. Посетата беше финансиски поддржана од ИППФ (Интернационална федерација за планирано родителство).

## Социјални активности на дневиот центар - ПОРАКА Радовиш

# Посета на гимназија "Коста Сусинов" - Радовиш

Возбудата кај сите корисници на дневниот центар ПОРАКА Радовиш при посетата на гимназијата "Коста Сусинов" беше присутна од оправдани причини. За многумина од нив, оваа институција им беше позната само по името и местото, но досега немале прилика да влезат внатре и да се запознаат со нејзиното функционирање.

На иницијатива на директорката Невенка Тадирова, психологот Виолета Србакова и дел од наставничкиот кадар, целта на нашата посета беше корисниците да присуствуваат на час по биологија, каде дел од учениците на кратко ќе ги запознаат со сидата – причини, последици и заштита од оваа болест.

Корисниците со голем интерес го проследија ова предавање, а најголемо задоволство им беше што пријателски беа прифатени од учениците и заедно со нив седеа во училишните клупи, па останаа до крај да го проследат предавањето на професорот по билогија Славе Трајанов кој е нивни стар познаник. По завршувањето на часот следеше фотографирање со сите ученици, а потоа и прием во канцеларијата на директорката каде беа почестени со сок и муабет.

Задоволството од оваа посета беше огромно кај сите, се стекнавме со ново искуство и желба за понатамошна заедничка соработка.





# Посета од градинката "Ацо Караманов" - Радовиш

На 26.10.2011, децата од детската градинка "Ацо Караманов" заедно со воспитувачките ги посетија корисниците на дневниот центар. Поголем број од нив за прв пат посетија катче каде се згрижени лица со интелектуална попреченост и на нивните лица можеше да се забележат истовремено чувства на вознемиреност, изненадување и љубопитност. По запознавање со нашите активности децата ни подарија нивна слика која самите ја изработиле како знак на внимание за нашите корисници. Заедничкото дружење заврши со фотографирање и покана за возвратена посета. Посетата ја возвративме на 1.12.2011 година во знак на одбележување на 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Пријатната атмосфера и топлиот пречек од страна на директорката на градинката ги изненади корисниците и тие веднаш се вклопија во таа прекрасна средина. За време на посетата ни прикажаа документарен филм за екологија и чиста животна средина, а најмладите ни се претставија со леснички и игри. Корисниците имаа желба да видат каде се згрижени нивните внуци и за таа цел ја разгледавме целата градинка, просториите каде престојуваат децата, кујната и работните простории. Поминавме прекрасни моменти со најмладите, со желби за понатамошни средби и соработка.

## Активности на социјалниот клуб - ПОРАКА Штип

# Еднодневна прошетка

ЦПЛИП „ПОРАКА" ШТИП организираше уште една еднодневна пошетка до црквата Св. Тројца која се наоѓа во близина на Штип на ден 09.10.2011 год. за своите членови и дел од родителите. Ова еднодневна прошетка беше овозможена од ЈП Исар со свој превоз и црквата Св. Тројца која им овозможи на лицата пријатен ден. Покрај тоа што лицата со посебни потреби се запознаа со изградбата и значењето на црквата, им беше приреден и комплетен ручек и пијалок и им беа доделени пригодни поклони, симболи од црквата (икони и крстчиња ) и материјали. Лицето задолжено за црквата стрпливо одговараше на прашањата од присутните. Уште еден ден лицата со интелектуална попреченост поминаа во дружење.



Голема благодарност до ЈП Исар од Штип и црквата Св. Тројца кои им овозможија пријатни моменти

## Социјални активности на дневиот центар - ПОРАКА Скопје

# Посета од ОУ “Браќа Миладиновци”

Во рамки на воспоставената соработка со образовните институции произлезе и посетата на група односно поголем број на ученици од неколку одделенија од О.У. “Браќа Миладиновци”. Сите одделенија посебно се претставија со разни драмски изведби, рецитали, пеење песнички, игри и танци и други настапи кои го одбележија целиот настан. На средбата беше договорена понатамошна соработка со училиштето преку наша посета и одржување на креативна работилница на корисниците на услугите на дневниот центар на ПОРАКА од Скопје со учениците од петто одделение од О.У. “Браќа Миладиновци” од Скопје во просториите на училиштето.





# Соработка со младите активисти на Црвениот крст

Група на млади активисти на Црвениот Крст на град Скопје имаа идеја да одржат една музичка работилница во просториите на дневниот центар. Тоа се случи на тој начин што со две гитари и понекоја ритам секција почнаа да свират и да пеат. Знаејќи како делува музиката на корисниците на дневниот центар епилогот беше една добра заедничка забава. Мора да признаеме дека идејата беше добро прифатена и сите се сложивме дека таа треба да се надоградува со нов репертоар и да продолжи и во иднина.



# Посета на игротеката “ХАБИЛЕНД”

Како резултат на воспоставената соработка со компанијата “АМК Панекс” произлезе активност, односно посета на игротеката “Хабиленд” која што се наоѓа во просториите на Спортскиот центар “Борис Трајковски”. Корисниците на дневниот центар беа одлично пречекани од домаќините при што беше организирана предновогодишна забава на која и претходеше заедничко и поединечно сликање со Дедо Мраз. Исто така корисниците на услугите на дневниот центар ПОРАКА од Скопје имаа можност да се запознаат и да се забавуваат во просторот на игротеката што предизвика голема возбуда кај нив. Со доделување на Благодарница за досегашната соработка, како и со надеж и желби истата да продолжи и да се продлабочи, се разделивме со нашите домаќини.





ПОРАКА

# Наша Страница

## Заеднички активности со студентите по вајарство

**Заедничките активности на корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје со студентите од Факултетот за ликовна уметност - отсек вајарство во изминатитот период опфатија две работилници за изработка на фигури од материјали од растителниот свет комбинирани со глина, како и разни други техники: изработка на колажи и боење на големи површини.**






**Работилниците предизвикаа големо задоволство кај корисниците, затоа што помеѓу учењето и изработувањето на разновидни предмети и фигури, имаа можност да се дружат и забавуваат со студентите.**






**Изработките што беа направени во текот на работилниците и дел од изработките што ги изработуваат корисниците во дневниот центар беа изложени во посебно уреден простор на факултетот и истата изложба беше отворена за посетители неколку дена.**
**Веќе не се ни сомневаме дека оваа соработка ќе продолжи, туку само се радуваме на нашата повторна средба.**

ISSN 0350-5863